Врз основа на член 42 од Закон за основно образование (Сл.весник на РСМ 161/19, 229/20) и Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности на учениците од основните училишта, ООУ Круме Кепески-Кисела Вода, Скопје, објавува:

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за прибирање на понуди за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни акивности на учениците во учебната 2022/2023 година**

1. Еднодневен излет за учениците од 1-9 одделение
2. Еднодневна екскурзија за учениците од 3 одделение.
3. Дводневна екскурзија за учениците од 6 одделение.
4. Тродневна екскурзија за учениците од 9 одделение.
5. Петдневна настава во природа за учениците од 5 одделение

Набавката е неделива.

**Училиштето како најповолен понудувач ќе го избере понудувачот кој ги исполнува следниве минимални услови:**

- да е регистриран согласно позитивните прописи на РСМ за вршење на соодветна туристичка дејност
- да е регистриран најмалку три години пред изведувањето на екскурзијата, излетот или друга вонучилшна активност на учениците од основните училишта
- да има успешно реализирано сопствена аранжманска програма во РСМ
- да ги исполнуваат условите за превоз на групи деца, согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

Критериум за избор на најповолна понуда е најниска цена. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена за најповолна ќе биде избрана понудата која е прва донесена.

Огласот трае 5 работни дена од денот на објавувањето.
Тендерската документација да се подигне во просториите на секретарот на училиштето од 09:00 до 14:00 часот.
Понудите со потребните документи да се достават до ООУ Круме Кепески ул. Христо Татарчев бр.46, Скопје, во затворен плик, во писмена форма, во архивата на училиштето, со назнака: ЗА ОГЛАС за прибирање на понуди за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности. Во горниот лев агол на запечатениот плик да се назначи НЕ ОТВОРАЈ.
Понудата се доставува во оригинален примерок, потпишан и заверен од одговорно лице на понудувачот и во согласност со Правилникот за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности од основните училишта бр.12-13487/1 од 19.11.2019 година.
Најповолниот понудувач е должен да достави банкарска гаранција од 5 % од вкупната вредност на доворот во рок од 3 дена од потпишување на истиот. Рокот за доставување на понудите е 5 работни дена од денот на објавувањето, односно до **14.00** часот на **12.04.2023 година.**
Понудата која ќе пристигне подоцна ќе биде одбиена како неприфатлива.

Некомплетни, нецелосни и ненавремено доставени понуди нема да се разгледуваат од комисијата.

Комисија за прибирање на понуди
ООУ Круме Кепески- Скопје